ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 11 ЈАНУАРИ 2021

ТОП ВЕСТИ:

- **Инвестиции од 32.8 милиони денари во Делчево за рурален развој**
- **Десет илјади денари за првородено бебе во Делчево**
- **Утврдени стипендистите на Општина Делчево**
- **Одржана 49 Седница на Советот на Општина Делчево**

## Инвестиции од 32.8 милиони денари во Делчево за рурален развој



Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Никица Бачовски, заедно со градоначалникот на општина Делчево, Горан Трајковски, направија увид на дел од проектите кои се реализираа со средства од Програмата за рурален развој.



Десет илјади денари за првородено бебе во Делчево




Утврдени стипендистите на општина Делчево



Одржана 49 Седница на Советот на Општина Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Одржана 49 Седница на Советот на Општина Делчево



Совет на Општина Делчево

Статутарни измени, одлуки од областа на урбанизмот и програми за работа за 2021 год. како и извештаи за реализација на активности за 2020 г. беа главните точки од Дневниот ред на 49-та Седница на Советот на Општина Делчево.

Советниците ги донесоа: Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“ за 2020 г и Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“ за 2021 г; Извештајот за 2020 и Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 г; Програмата за еднакви можности на жените и мажите и работа на КЕМ за 2021 г; Извештајот за реализација за 2020 г и Програмата за одбележување настани и културни манифестации за 2021 г; Извештајот за реализација за 2020 г. и Програмата за односи со јавноста и промоција на Општина Делчево на 2021 г; Програмата за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година; Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2021 година;

Статутарните измени кои ги усвоија советниците се иницирани поради законските измени во делот на Партиципативното тело од областа на урбанизмот и Законот за урбанистичко планирање од 2020 г. , како и законските измени во делот за Советот на млади.

На Седницата се донесе и Одлуката за утврдување зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Делчево.

Донесена е и Одлука за Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 – Кожара, град Делчево, Општина Делчево, плански период 2015-2020 со површина од 3,035 ха;

Советниците донесоа и Одлука за доделување парична помош на Здружението на граѓани „ОБНОВА ГЛОБАЛ“ Струмица во износ од 60.000 денари. Средствата ќе бидат наменети за санирање на штетата настаната од пожарот што го зафати објектот „Глобал“ Струмица.

# Инвестиции од 32,8 милиони денари во Делчево за рурален развој

Актуелности



Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Никица Бачовски, заедно со градоначалникот на општина Делчево, Горан Трајковски, направија увид на дел од проектите кои се реализираа со средства од Програмата за рурален развој. Директорот на Агенцијата, Бачовски, истакна дека во Делчево се инвестираат близу 32,8 милиони денари за проекти кои го подобруваат квалитетот на живот во неколку населени места.

–Во овој дел од државата доделивме неповратен грант од 32,8 милиони денари за реализација на три капитални проекти. Со овие средства се изгради фекална канализација во неколку населени места, улици во населбата Басарица, а ќе се гради и затворен пазар. Радува фактот што Басарица за прв пат добива канализација и квалитетни улици и граѓаните повеќе нема да газат во кал и немаат дополнителни трошоци за чистење на јамите. Токму со ваквите инвестиции покажуваме дека со политиките и мерките кои ги спроведуваме како Влада создаваме квалитетни услови за живот и да ги мотивираме граѓаните да создаваат сопствени бизниси и да ги развиваат населените места без оглед на нивната местоположба.Само со создавање на квалитетни услови за живот може да влијаеме врз намалување на одливот на младите, односно да ги задржиме во родните огништа – истакна Бачовски.

Градоначалникот Трајковски истакна дека фокусот на општината е ставен на изградба на квалитетна комунална и патна инфраструктура. На овој начин преку овие проекти овозможуваме поволни услови за живот, а овозможуваме и да се развива и расте бизнис–заедницата.

–Претставува вистинско задоволство, кога ќе се заврши капитален проект кој носи подобар квалитет на животот на граѓаните. Во Басарица со сериозна поддршка од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој, решивме децениски проблеми на граѓаните и покажавме дека како одговорна власт и локална и централна, го слушаме гласот на граѓаните, ги решаваме проблемите и создаваме подобри услови за живот. Басарица е конкретен пример- населба која е урбанизирана пред три децении, каде жителите газеа кал и дишеа прашина три децении, за прв пат, минатата година преку програмата на Агенцијата, ги изградивме првите улици во населбата со вкупна должина од 1 км, но изградивме и 2 км фекална канализација и трајно го решивме проблемот со отпадните води во Басарица и селото Полето. Сега, Басарица е урбана приградска населба со асфалтирани улици и тротоари што дава услови за понатамошен развој на населбата. Сакам да истакнам дека поддршката од Агенцијата е значајна за развојот на Делчево. Следниот проект кој почнува за реализација е изградбата на современиот градски пазар во Делчево кој, исто така, ќе донесе нов лик и имиџ на градот и ќе ги подигне на повисоко ниво условите за трговија, истакна Трајковски.

Преку мерките од Програмата за рурален развој во сите општини во државата во моментов се реализираат над 200 инвестициски проекти, за што Владата обезбеди 38 милиони евра средства од Буџетот на РСМ.

Актуелности

# Општина Делчево подготвена за снежните врнежи



Општина Делчево и фирмите задолжени за зимското одржување на локалните улици и патишта и јавните површини во општината, се подготвени за првиот снег оваа зима, односно преземени се сите потребни мерки за навремена реакција и овозможување непречено и безбедно движење во зимски период.

Економскиот оператор „Еуро-бетон“ од Делчево со кој Општина Делчево по спроведената јавна набавка склучи Договор за услуги „Зимско одржување на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Делчево“ има обврска да постапува согласно со Планот за зимско одржување на улиците и локалните патишта во кој е предвидена приоритетна листа на одржување патишта и улици кои опфаќаат патишта со асфалтен коловоз од 82,5 км, патишта со коловоз макадам од 42 км и улици со асфалтен коловоз во должина од 38,5 км. Надзор на извршените работи врши Одделението за инспекциски надзор при Општина Делчево.

Одржувањето и чистењето на тротоарите и јавните површини во градот е обврска на ЈКП „Брегалница“ Делчево, од каде информираат дека претпријатието има доволно количини ризла и сол на залиха, а претпријатието има спроведено и јавна набавка и склучено договор со локална фирма од каде согласно со потребите сукцесивно ќе се набавуваат потребните количини абразивни средства. Исто така, претпријатието располага со две нови машини ровокопачи-утоварач и со хидрауличен плуг за чистење снег со ширина од 300 см., како и две машини фрези за чистење снег од тротоарите и другите површини.

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Десет илјади денари за првороденото бебе во Делчево



Првороденото новороденче во 2021 г. во Општина Делчево, малата Мила Стоименовска, доби 10.000 денари од Општина Делчево. Мила е родена на 4 јануари на скопските клиники, тешка е 3.930 гр и е прво дете во семејството на Даниел и Сандра Стоименовски кои живеат во с. Ѕвегор.

Традиционално и оваа година градоначалникот Горан Трајковски го предаде подарокот на родителите.

–Секоја нова рожба носи радост, надеж и иднина, а Делчево се радува на секое новороденче, бидејќи добива нов жител. Првороденото во годината е предвесник на новата генерација дечиња кои се нашата иднина. По традиција го посетуваме домот на првороденото бебе во годината. Оваа година, поради актуелната состојба, ќе ги предадеме подароците на родителите, но ќе испратиме желби, малата Мила да има среќно и безгрижно детство и да донесе многу радост и гордост на семејството, но и на општината.Ја користам оваа прилика да им ја честитам радоста на родителите на кои малата Мила им е прво дете во семејството и да има посакам многу љубов и дечиња да им го развеселуваат домот, истакна Трајковски.

Општина Делчево дарува 10.000 денари на првороденото новороденче во годината чии родители живеат во Делчево, а согласно со информацијата од матичните гинеколози од Здравствениот дом и Службата за превенција и имунизација. Исто така, како една од социјалните мерки која значи поддршка на родителите кои добиле новороденче, Општина Делчево на сите новороденчиња во Општината исплаќа по 3 илјади денари еднократна парична помош. Минатата година по оваа основа се исплатени 266.000 денари за 82 новороденчиња во Општината.

## Прехранбени пакети по повод божиќните

Актуелности



По повод божиќните празници, Општина Делчево во партнерство на компанијата „Зегин“ додели 15 хуманитарни пакети со прехранбени артикли на семејства кои живеат во социјален ризик во руралните делови на Општина Делчево. Во консултација со Центарот за социјални работи од Делчево беа детектирани семејства на кои им е најнепоходна помош во селата Разловци, Ѕвегор и Град.

Градоначалникот Горан Трајковски кој ги посети семејствата истакна дека секое семејство заслужува со богата трпеза да го пречека христовото раѓање.

– Одговорни сме пред сите граѓани и се грижиме за секое семејство. Посебно во пресрет на големиот христијански празник, кога се слави раѓањето на Исус Христос, одлучивме да доделиме пакети со храна на семејства кои живеат во социјален ризик со цел секое семејство со достоинствена бадникова вечера да го пречека Божиќ и да го прослави овој христијански празник. Оваа хумана акција е дел од континуираните активности кои ги спроведуваме изминатиот период со цел да помогнеме на оние на кои им е најнеопходна помош и да покажеме дека никој не е заборавен, истакна Трајковски.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Утврдени стипендистите на Општина Делчево




Комисијата за доделување ученички стипендии ја утврди листата  ученици кои ќе добиваат ученички стипендии за учебната 2020/2021 година согласно со Конкурс за доделување ученички стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“.
Општина Делчево за учебната 2020/2021 година додели 18 стипендии за ученици кои учат во СОУ„Методи Митевски Брицо“ во две категории.
Во првата категорија  10 стипендии за одлични ученици  од социјално ранлива категорија со просек (4.50 -5.00) во износ од 1000 денари месечно за период од 9 месеци и во втората категорија се доделени 8 стипендии на ученици кои постигнале особено висок успех, а износот на стипендијата е 1500 денари месечен износ за период од 9 месеци.

Прва категорија на стипендии добија учениците:

1.Анакиевска Ана –ученичка во IV-2 клас
2.Елена Ѓеорѓиева –ученичка во III клас
3.Мирчевска Аница– ученичка во IV клас
4.Крстевска Тамара– ученичка во III 2 клас
5.Димитровска Глорија– ученичка во III 2 клас
6.Аралампиевска Софија– ученичка во III 2 клас
7.Антонела Арсовска– ученичка во IV 2 клас
8.Давид Михајловски– ученик во II 2 клас
9.Ана Манасиева – ученичка во III 4 клас
10.Кристина Новоселска– ученичка во III 4 клас.

Втора категорија стипендии добија учениците :
1.Марија Мишева– ученичка во III 1 клас
2.Лора Велевска –ученичка во IV 2 клас
3 Цонев Антониј– ученик во III 1 клас
4.Фросина Мулачка –ученичка во IV 1 клас
5.Александар Ангеловски –ученик во II 1 клас
6.Ана Телетанска– ученичка во II клас
7.Христијан Симоновски –ученик во III клас
8.Андреј Милчевски– ученик во II клас
Стипендиите ќе се исплаќаат период од 9 месеци, а исплатата започнува од јануари 2021 г.

# Студенски стипендии

Актуелности

Комисијата за доделување студентски стипендии на Општина Делчево, врз основа на пристигнатите апликации по Конкурсот за доделување стипендии на студенти од Делчево кои студираат на државните универзитети, како и врз основа на Одлуката донесена од Советот на Општина Делчево, одлучи наместо 4, да додели 6 стипендии во категоријата за студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија, а кои постигнале особено висок успех во студирањето.

Износот на стипендијата е 3500 денари месечно, а ќе се исплаќа за период од 9 месеци започнувајќи од јануари 2021 г.

Студенти кои добија студентски стипендии

1. Мери Мицевска –Економски факултет IV година
2. Бојана Захариева– Факултет за дизајн и технологиии на мебели ентериер III година
3. Бојана Симевска –Медицински факултет III година
4. Бојана Манасиева –Медицински факултет
5. Мартина Георгиева –Архитектонски факултет IV година
6. Ана Стојанова –Факултет за природни и технички науки.

Во првата категорија стипендии согласно со Конкурсот, а кои се однесуваа за студентите кои спаѓаат во групата социјално ранлива категорија, нема апликации по Конкурсот.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Култура

# Промоција на книгата „Човекот кој ме хранеше Сонце“



Во организација на ЈЛБ „Илинден“, беше промовирана збирката раскази на роднокрајната авторка Бети Арсовска, „Човекот кој ме хранеше Сонце“. Делото е првенче на Арсовска која 20 години живее и работи во Америка.

-Книгата е збирка од 13 раскази која што претставува една животна приказна испреплетена на човечката судбина на два континенти. Заснована и напишана е според вистинско искуство со една силна порака која оставам читателите да ја откријат, додаде Арсовска.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“,Биљана Петровска, истакна дека книгата  е веќе на полиците од библиотеката.

-Огромно е задоволството што роднокрајното одделение на библиотеката е збогатено за уште еден наслов. Секоја чест за авторот Бети Арсовска, која и покрај тоа што повеќе од 20 години живее во Америка, сепак, пишува и го негува својот мајчин јазик. И посакуваме многу успех, многу нови наслови и уште многу промоции, истакна Петровска.

Книгата е издадена од издавачката куќа „Орион“ Делчево.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**

**Инфо Делчево на web:**
**delcevo.gov.mk**